РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 0903-63/сл
20.10.2015 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Врз основа на Одлука бр.0701-686 од 31.10.2008 и Одлука бр.0701-631 од 29.09.2008 г. донесени од Советот на Општина Свети Николе, Градоначалникот на општината го распишува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**

Се известуваат сите заинтересирани Здруженија на граѓани и фондации, како и спортски клубови и други форми на здружување во областа на спортот дека Општина Свети Николе започна со изготвување на Нацрт буџетот за 2016 година.

Од тие причини доколку сметате дека Вашите предлог проекти треба да бидат вклучени во истиот, потребно е да доставите комплетна документација во општината до 20.11.2015 година.

Согласно Одлуката бр. 0701-686 од 31.10.2008 год. **здруженијата на граѓани и фондации** потребно е да достават:

- Комплетна документација од извршена регистрација и Статут;
- Годишна програма за работа;
- Наративен извештај и финансиски извештај за последните две години. **Напомена:** важи само за оние апликанти кои користеле средства од Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 и 2015 год., останатите апликанти немаат потреба од доставување на овие извештаи;
- Листа на реализирани проекти домашни и меѓународни и заеднички проекти со општината;
- Формулар за аплицирање - кој може да се подигне од Канцеларијата за локален економски развој или од ВЕБ страната на општината.

Согласно Одлуката бр.0701–631 од 29.09.2008 год. **спортските клубови и другите форми на здржување во областа на спортот** потре бно е да достават:

- Соодветна документација за извршена регистрација, согласно позитивните законски прописи;
- Годишна програма за работа;
- Поднесување на извештај за работа во последните две години (се однесува на клубови кои постојат повеке од две години) како и извештај за потрошените средства **Напомена:** важи само за оние апликанти кои користеле средства од Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 и 2015 год., останатите апликанти немаат потреба од доставување на овие извештаи;

- Лига во која се натпреваруваат спортските клубови;
- Број на деца и млади до 14 години и доприносот за унапредување на здравјето и спортскиот дух кај младите генерации.

Дополнителни информации можат да се добијат во Канцеларијата за локален економски развој во општината, кај лицата Ивица Арсов, Ивана Димитрова и Христина Арсова или на тел: 032/444-169, како и на ВЕБ страната www.svetinikole.gov.mk

**НАПОМЕНА:** Во буџетот ќе бидат вклучени проектите поднесени од оние организации кои ќе ги исполнат критериумите согласно претходно наведените Одлуки.

Датум
19.10.2015 год.

Градоначалник
на Општина Свети Николе

/Зоран Тасев/

Изработил: Ивица Арсов
Христина Арсова

Контролирал:Зоран Стојчев